Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А
за работа на ООУ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ„-ПОДГОРЦИ
во учебната 2024/25 година



Јуни 2024 година
Подгорци

Преамбула

Врз основа на Член 49, Член 108, Член 113, Член 122, Член 127 од Законот за Основно образование(*сл.весник бр.161/19 и 229/20*) и Член 13 од Статутот на училиштето усвоен на 27.12.2019 година (*акт број 01-421/1 од 27.12.2019 год*.) и статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ,,Гоце Делчев,,-Подгорци бр. 02-234/4 од 21.07.2023 год. како и Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште (акт бр.18-6579/1 од 06.7.2020 год.) по предлог на ВД. Директорот на училиштето и позитивното мислење на Наставничкиот Совет бр. 08-238/2 од 03.07.2024 и Советот на родители бр.08-241/2 од 05.07.2024 Училишниот одбор при ООУ,,Гоце Делчев,,-Подгорци, општина Струга на состанокот одржан на ден 12.07.2024 година предложи Годишна Програма за работа на училиштето во учебната 2024/25 година

Содржина

Вовед

1. Општи податоци за основното училиште

1.1 . Табела со општи податоци

1.2 . Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

2. Податоци за условите за работа на основното училиште

2.1. Мапа на основното училиште

2.2. Податоци за училишниот простор

2.3. Простор

2.4. Опрема и наставни средства согласно Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства

2.5. Податоци за училишната библиотека

2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

3.2. Податоци за раководните лица

3.3. Податоци за воспитувачите

3.4. Податоци за вработените административни службеници

3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

3.10. Податоци за учениците во основното училиште

4. Материјално-Финансиско работење на основното училиште
5. Мисија и Визија
6. LESSONS LEAMED – Веке научено/стекнати искуства
7. Подрачја на промени, приоритети и цели

7.1. План за евалуација на акциските планови

8. Програми и организација на работата во основното училиште

8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

8.3. Работа во смени

8.4. Јазик/јазици на кој/ и се изведува наставата

8.5. Проширена програма

8.6. Комбинирани паралелки

8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

8.9. Изборна настава

8.10. Дополнителна настава

8.11. Додатна настава

8.12. Работа со надарени и талентирани ученици
8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби
8.14. Туторска поддршка на учениците
8.15. План на образовниот медијатор
9. Воннаставни активности
9.1. Училишни спортски клубови
9.2. Секции/клубови
9.3. Акции

10. Ученичко организирање и учество

11. Вон училишни активности
11.1. Екскурзии, излети и настава во природа
11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вон училишни активности

12. Натпревари за учениците

13. Унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

14. Проекти што се реализираат во основното училиште

15. Поддршка на учениците
15.1. Постигнување на учениците
15.2. Професионална ориентација на учениците
15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

16. Оценување
16.1. Видови оценување и календар на оценувањето
16.2. Тим за следење, анализа и поддршка
16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар
16.4. Самоевалуација на училиштето

17. Безбедност во училиштет

18. Грижа за здравјето
18.1. Хигиена во училиштето
18.2. Систематски прегледи
18.3. Вакцинирање
18.4. Едукација за здрава исхрана- оброк во училиштето

19. Училишна клима
19.1. Дисциплина

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето
19.3. Етички кодекси
19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар
20.1. Детектирање на потребите и приоритетите
20.2. Активности за професионален развој
20.3. Личен професионален развој
20.4. Хоризонтално учење
20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

21. Соработка на основното училиште со родителите/ старателите
21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето
21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности
21.3. Едукација на родителите/старателите

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Прилози

Вовед

Согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето, училиштето ја планира, програмира и реализира воспитно-образовната работа со Годишна програма за работа врз основа на определбите дадени во службените документи: Законот за основно образование, Закон за наставници и стручни соработници во основно училиште, Закон за работни односи, Стратегијата за образование 2018-2025, Концепција основно образование, Концепција за деветгодишно училиште; Концепција за воннаставни активности во основно образование; Наставен план и наставни програми за деветгодишно основно образование; Подзаконски акти и правилници, како и интерни акти; Годишните извештаи од минатите учебни години; Извештај од интегрална евалуација; Педагошката евиденција и документација во училиштето; Документацијата од работата на органите за управување и раководење, стручните органи и тела во училиштето; Суштинските барања и интенции за иновирање на воспитно-образовната дејност содржани во современите образовни програмски структури и новите концепции.

ООУ,, Гоце Делчев,,- Подгорци,општина Струга е општинско основно училиште кое работи со училишни обврзници од населбата Подгорци. Училиштето е самостојно, без подрачни паралелки основано во 1994 година.
Од учебната 2009/10 година училиштето работи во нов училишен објект, лоциран во централниот дел на населбата, на 14 километри северозападно од Струга. Училиштето и училишниот простор ги задоволуваат просторните и материјално-техничките, педагошко-психолошки и хигиенско-естетски услови за работа согласно законските нормативи за работа на основно училиште. Условите за работа, професионалниот развој на кадарот, ефективната соработка на вработените, училишните органи и родителите успешно водат кон остварување на мисијата и визијата на училиштето.

Локалната средина т.е опкружувањето во кое се наоѓа училиштето е недоволно развиена т.е. нема расположливи ресурси на економски и општествено-културен план за да може да влијае врз позитивниот развој на училиштето. Населбата брои 2500 жители, има ,,печалбарски,, карактер, мешана национална/етничка структура на населението со основно-образовен и професионален статус.

Основната професионална цел на раководниот, стручен и наставен кадар е насочена кон постигнување на подобри резултати и повисоки постигнувања на учениците како и унапредување на менталното здравје, безбедност и подобрување на добросостојбата во училиштето , за да бидат поуспешно подготвени да земат учество во општествениот живот, а преку нив и подобрување на ликот и имиџот на училиштето.

1. Општи податоци за основното училиште

1.1. Табела со општи податоци

Име на училиштето	ООУ,,ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ,,-ПОДГОРЦИ
адреса, општина, место	с. ПОДГОРЦИ - СТРУГА
телефон	046 798 738
фах	046 798 738
е-маил	gdelcev.podgorci@yahoo.com
основано од	1994
Верификација- број на актот	10-882/6
Година на верификација	24.10.1994
Јазик на кој се изведува наставата	Македонски наставен јазик Албански наставен јазик
Година на изградба	2009 година
Тип на градба	Тврда градба
Површена на објектот	1734
Површина на училшниот двор	976
Површина на спортски терени и игралишта	0
Училиштето работи во смена	Училиштето работи во две смени
Начин на загревање на училиштето	Парно греење со екстра лесно масло
Број на одделенија	9
Број на паралелки	20
Број на комбинирани паралелки	1
Во училиштето има паралелки за ученици со посебни образовни потреби	/
Во училиштето има паралелки од музичко училиште	/
Во основното училиште има ресурсен центар	/

1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

Членови на училиштен одбор (име и презиме)	1. Нешат Авмедоски 2. Реџеп Ајдиноски 3. Назиф Равманоски 4. Ариф Имероски 5. Горан Наумоски 6. Веис Авмедоски
Членови на совет на родители (име и презиме)	1. Мелиса Ајдароска 2. Мејра Исмајлоска 3. Хамза Исакоски 4. Раим Елмазоски 5. Мерлин Ајдароски 6. Семир Махмудоски 7. Рејхана Ајдароска 8. Реџеп Ајдиноски 9. Назме Мавмудоски 10. Џемаил Лиманоски 11. Шемса Адемоска 12. Исмаил Бајрамоски 13. Нешат Авмедоски 14. Киметка Махмудоска 15. Адмир Мавмудоски
Стручни активи (видови)	Стручен актив за наставници од јазично – општествена група предмети Стручен актив за наставници од природно-математичка група предмети Стручен актив за наставници за естетско-техничка група предмети Стручен актив за наставници од одделенска настава
Одделенски совети (број на наставници)	Одделенски совет за учениците од I-Vодделение - 14 наставници Одделенски совет за учениците од VI-IX одделение - 15 наставници
Членови на училишен инклузивен тим (име и презиме)	Пом.Директор: Фадил Исламоски Педагог: Весна Чаторошкоска Предметни наставници: Виолета Јанкоска Лепа Ѓ.Коциќ Едис Реџоски
Заедница на паралелката (број на ученици)	3-5 ученици


Членови на ученичкиот парламент(број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент)	16 ученици
Ученички правобранител	1 ученик

2. Податоци за условите за работа на основното училиште

2.1. Мапа на основното училиште



- План на простории и други површини во училиштето



2.2. Податоци за училишниот простор

Вкупен број на училишни згради	1
Број на подрачни училишта	/
Бруто површина	1734
Нето површина	1650
Број на спортски терени	/
Број на катови	П+2
Број на училници	11
Број на помошни простории	5
Училишна библиотека **Кабинет за природни науки**	1 1
Начин на загревање на училиштето	Парно греење

2.3. Простор

Просторија	**Вкупен број**	**Површина** (метри квадратни)	**Состојба** (се оценува од 1-5, согласноНормативот од 2019 година)	**Забелешка** (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и слично)
Училници	11			
Кабинети	2			
Библиотека	1			
Лабараторија за природни науки	1			
Читална	/			
Спортска сала	/			
Канцеларии	5			
Училишен двор	1			
Заеднички простор за прослави	1			
Кујна	/			
Трпезарија	/			
Друго	/			

2.4. Опрема и наставни средства согласно Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства

Училиштето располага со компјутери за сите ученици, поседува основни наставни средства, аудио-визуелни средства,технички помагала (проектор, скенер, лаптоп, фотокопири, печатари), смарт табла, интерактивни табли и дидактички материјали, но не во доволен број за сите наставни предмети според наставните потреби и нормативи.

Наставен предмет (одделенска и предметна настава)	**Постоечка опрема и наставни средства**	**Потребна опрема и наставни средства**
Македонски јазик	Училишна табла, компјутери, принтер, интернет, прожектор	Нови наслови на лектирни изданија кои не се застапени во училиштето, едукативни игри, букварки, играчки за продолжен престој(друштвени игри, сложувалки, коцки)
Анлиски јазик	Радио касетофон, звучници, компјутер, училишна табла, прожектор, фотокопир, скенер.	Интерактивна табла,едукативни игри со бројки и букви
Ликовно образование	Принтер, табла, компјутер	Сталаци за цртање, акрилни бои, штафелаи, палети, четки
Музичко образование	Звучници, радио касетофон, компјутер, интернет, училишна табла,	кавал, пијано, сентисајзер, хармониум, микрофон
Физичко образование	Топки за ракомет, топки за фудбал, мрежи за фудбал, ниска греба, вратило, разбој, ѓуле, хулакопи, шах	Јаже, ставки за полигон, душек, стативи, пикадо
Природни науки	Прожектор, комјутер, училишна табла	Скелет, модел на заби,магнети, основни сетови за магнетизам, динамометар, демонстративен часовник
Работа со комјутер	Комјутер, интернет, звучници	Смарт табла, компјутер за секое дете
Општество	Училишна табла, принтер,	Координациони кругови, смарт табла
Математика предметна	Табла, вага, шестар, лењири, вага	3Д форми,постери со дропки, термометар, интерактивен панел
Физика	Магнети, термометар, прачки	Њутнов диск, жици, прекинувач, спирали, тегови со две кукачки, електроскоп, апмер метар, волт метар, резенаторска вилушка

Математика одделенска	Табла, комјутер, принтер, геометриски фигури	3Д форми , едукативни игри, картици со бројки сметалки
Техничко образование	Училишна табла, комјутер, принтер	Алатки
Историја	Историски карти	Други историски карти, литература за илијада и одисеја.
Географија	Географски карти, географски глобус,	Индукционен глобус, цд за дигитални карти, песок за рејлеф, модел за вулкан
Биологија	Училишна табла, прожектор, микроскоп електронски и светлосен, модели од органи	Скелет, прибор за микроскопирање, прибор за дисекција
Граганско образовани	Училишна табла,	Смарт табла
Иновации	Училишна табла, компјутер	
Запознавање со телигии	училишна табла,к омјутер	Смарт табла
Етика	Училишна табла	Смарт табла
информатика	30 микробитови,35 компјутери, прожектор, звучници	Лабораторија за информатика-комјутер за секое дете
Француски јазик	Училишна табла, принтер	Едукативни игри, смарт табла
Хемија	Стаклени чаши, ерленмаери, стаклени инки, пипети, саетно стакло, порцеланско садче, метален стемак за епруврти	Пипета,епрувети,инки стаклени, филтер на хартија, мензури, дрвени штипки за епрувети, метално лажиче за согорување, статив, клеми, муфи, модел за молекули, модел за атом, лакмус универзален, капалка

2.5. Податоци за училишната библиотека

Училиштето има сопствена библиотека. Располага со одреден библиотечен книжен фонд за ученици и наставници во недоволен број. Училиштето има вработен стручен соработник библиотекар кој е задолжен за издавање на книги и нивно навремено враќање во интерес на учениците според нивните потреби, како и за работни задачи пропишани со ЗОО според воспоставените стандарди.

Целта на работата е кај учениците: да се формираат навики за користење на книги/лектири како извор на дополнителни знаења; да се создаваат навики за самостојна работа и ефикасно исполнување на слободно време; богатење на личноста од секој образовен и воспитен аспект.

Приоритетна задача на училиштето имајќи ја во вид воспитно-образовната и културно-информативната функција е обезбедување услови и збогатување на книжниот фонд во училишната библиотека.

2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

Што се преуредува или обновува	Површина во m	Намена
Уредување на училишен двор		
Реновирање и уредување на училници		
Техничко средување и опремување на училишни простории за поставување солидна интернет мрежа		

3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

3.1. Податоци за вработени кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

Ред бр.	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образ.	Работно место	Ментор Советник	Години на стаж
1	Ирена Попеска	1971	Професор по одделенска настава	ВСС	Наставник	Не	30
2	Митра Наумоска	1961	Одделенски наставник	Виша	Наставник	Не	32
3	Фадил Исламоски	1963	Професор по одделенска настава	ВСС	Наставник	Не	38
4	Рехана Авмедоска	1987	Професор по одделенска настава	ВСС	Наставник	Не	0
5	Ана Милошеска	1986	Проф.по англиски јазик	ВСС	Наставник	Не	15
6	Назиф Равманоски	1968	Професор по одделенска настава	ВСС	Наставник	Не	30
7	Шејла Авмедоска	1997	Професор по одделенска настава	ВСС	Наставник	Не	2
8	Ариф Имероски	1974	Професор по одделенска настава	ВСС	Наставник	Не	16
9	Идрис Ајрулоски	1980	Учител во одд. настава	ВСС	Наставник	Не	18
10	Христина Димоска	1974	Професор по одделенска настава	ВСС	Наставник	Да	22
11	Емина Мемишоска	1991	Професор по одделенска настава	ВСС	Наставник	Не	4
12	Тамара Ѓонеска	1998	Професор по македонски јазик и книжевност	ВСС	Наставник	Не	2
13	Нејат Салкоски	1962	Наставник по математика	Виша	Наставник	Не	38
14	Јовче Крстаноски	1983	Професор по географија	ВСС	Наставник	Не	16
15	Лепа Ѓ Коциќ	1980	Професор по математика/физика	ВСС	Наставник	Не	12
16	Виолета Јанкоска	1980	Проф.по Историја	ВСС	Наставник	Не	14
17	Глорија Чочороска	1978	Проф.по француски јазик	ВСС	Наставник	Не	18
18	Горан Наумоски	1984	Профрсор по Биологија	ВСС	Наставник	Не	11
19	Аида Б.Насуфи	2000	Професор по англиски јазик	ВСС	Наставник	Не	0
20	Наташа Цветкоска	1972	Професор по македонски јазик	ВСС	Наставник	Не	24

21	Едис Реџоски	1989	Професор англиски јазик	ВСС	Наставник	Не	9
22	Алтин Лога	1988	Проф.по физичко и здрав.образов.	ВСС	Наставник	Не	0
23	Алмир Ајрадиноски	1988	Инжињер по информатика и програмирање	ВСС	Наставник	Не	8
24	Митра Стојаноска	1985	Проф.по физичко и здрав.образов	ВСС	Наставник	Не	3
25	Младен Младеноски	1990	Проф.по физичко и здрав.образов	ВСС	Наставник	Не	3
26	Џавид Арсланоски	1997	Професор по одделенска настава	ВСС	Наставник	Не	0
27	Јета Ајро	1987	Професор по Биологија	ВСС	Наставник	Не	8
28	Рона Мимини	1993	Професор по одделенска настава на албански јазик	ВСС	Наставник	Не	7
29	Премтиме Ајро	1998	Професор по одделенска настава на албански јазик	ВСС	Наставник	Не	1
30	Бесфјала Н.Ибраими	1991	Професор по одделенска настава на албански јазик	ВСС	Наставник	Не	3

3.1.1. Податоци за стручни соработници во училиштето

Ред бр.	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Ментор/ Советник	Години на стаж
1.	Весна Чаторошкоска	1973	Педагог М-р.Наставник по Теорија на поучување	ВСС Магистер	Педагог	/	28

3.2. Податоци за раководните лица

Ред бр.	Име и Презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Ментор советник	Годинижна стаж
1.	Амир Османоски	1988	Дипломиран по англиски јаик со германски и бизнис	ВСС	В.Д,Директор	/	4
2.	Фадил Исламоски	1963	Професор по одделенска настава	ВСС	Наставник/ Пом.Директор	/	38

3.4. Податоци за вработените административни службеници

Ред бр.	Име и Презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образование	Работно место	Години на стаж
1.	Сахид Идризоски	1994	Правник	ВСС	Секретар	3
2.	Адем Ајдароски	1990	Економист	ВСС	Сметководител	

3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

Ред бр.	Име и Презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образо-вание	Работно место	Години на стаж
1.	Дивна Мариноска	1961	Хигиеничар	основно	Хигиеничар	26
2.	Санка	1974	Хигиеничар	основно	Хигиеничар	1
3.	Садифе Ајрулоска	1971	Хигиеничар	основно	Хигиеничар	3
4.	Исмет Авмедоски	1969	Хаусмајстор	основно	Хаусмајстор	2

3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

Училиштето нема потреба од ангажман на образовни медијатори кои би се ангажирале за ученици Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и се подолго време надвор од образовниот систем, бидејќи такви деца/ученици во средината и училиштето нема.

3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

Кадар	Вкупно	Етничка и полова структура на вработените											
		Македонци		Албанци		Турци		Срби		Роми		други	
		м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
Број на вработени	38	4	13	3	7	2	/					5	3
Број на наставен кадар	30	4	11	1	7	2	/					4	1
Бр.на воспитувачи	0	/	/	/	/	/	/					/	/
Број на стручни соработници	1	/	/	/	/	/	/					/	/
Административни работници	2	/	/	2	/	/	/					/	/
Помошно-технички кадар	4	/	1	/	/	/	/					1	2
Директор	1	/	/	/	/	1	/					/	/
Пом. директор	/	/	/	/	/	/	/					/	/
Образовни медијатори	/	/	/	/	/	/	/					/	/

3.8.Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

Образование	Број на вработени
Постдипломски студии – втор циклус	/
Високо образование	32
Виша стручна спрема	2
Средно образование	/
Основно образование	4

3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

Години	Број на вработени
20- 30	7
31- 40	14
41- 50	10
51 -60	4
61 - пензија	3

-

3.10. Податоци за учениците во основното училиште

Одд	Број на парале-лки	Бр. на ученици	Етничка и полова структура на вработените											
			Македонци		Албанци		Турци		Срби		Роми		други	
			м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
I	2	32	/	/	2	1	5	6	/	/	/	/	12	6
II	2	29	1	/	3	4	2	3	/	/	/	/	6	10
III	2	20	/	/	2	1	2	7	/	/	/	/	5	3
I-III	**6**	**81**	**1**	**/**	**7**	**6**	**9**	**16**	**/**	**/**	**/**	**/**	**23**	**19**
IV	2	46	/	/	1	1	7	7	/	/	/	/	16	14
V	2	33	1	/	/	2	4	2	/	/	/	/	16	8
VI	2	28	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	13	15
IV-VI	**6**	**107**	**1**	**/**	**1**	**3**	**11**	**9**		**/**	**/**	**/**	**45**	**37**
VII	2	31	/	/	1	2	2	2	/	/	/	/	15	9
VIII	2	30	/	/	/	1	/	1	/	/	/	/	21	7
IX	2	28	1	1	3	4	/	2	/	/	/	/	11	6
VII-IX	**6**	**89**	**1**	**1**	**4**	**7**	**2**	**5**	**/**	**/**	**/**	**/**	**47**	**22**
I - IX	**18**	**277**	**3**	**1**	**12**	**16**	**22**	**30**	**/**	**/**	**/**	**/**	**115**	**78**

Одд	Број на парале-лки	Бр. на ученици	Етничка и полова структура на вработените											
			Македонци		Албанци		Турци		Срби		Роми		други	
			м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
I		2			1	1								
II	1	3			2	1								
III	1	3			1	2								
I-III	**2**	**6**			**4**	**4**								
IV	/	/			/	/								
V	1	4			2	2								
VI	/				/	/								

-

4. Материјално-Финансиско работење на основното училиште

Материјално-финансиското работење на училиштето се искажува преку две сметки со кои располага училиштето и тоа:

- 765010624690310 општинска сметка – блок дотации
- 765010624678715 сопствени приходи - самофинансирачки активности

Средствата од наведените сметки се користат наменски според одобрен план, за финансирање од страна на основачот - ОпштинаСтруга која се доставува во тековната година за наредната година.

Предлог – финансовиот план за 2024 година за двете сметки го разгледува Училишниот одбор и истиот го предлага во октомври 2024 година, а го усвојува Советот на Општината. Извештајот за завршните сметки ги разгледува Училишниот одбор во февруари 2025 година за 2024 година и училиштето ги доставува до надлежните институции .

Средствата од сопствените приходи се користат за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на целокупните услови за работа на училиштето

-

5. Мисија и визија

5.1.Мисија

Мисијата на нашето училиште е да изгради училиште според современи образовни и општествени стандарди. Училиште кое ќе биде институција која нуди можности за стекнување квалитетни знаења, умеења и способности на сите ученици, сфаќајќи го учењето како сопствена потреба, преку примена на современи модели на воспитно-образовна работа и образовна технологија.
Работна, безбедна и уредна средина во која секој вработен ќе ја развива и зајакнува својата индивидуална ефективност, задоволство од работата и амбиција за сопствен професионален развој.
Институција во која се негуваат односи на меѓусебно разбирање, почитување и толеранција, секогаш отворено за соработка и комуникација, во кое наставниците, учениците и родителите заеднички ќе ја креираат иднината и ќе развиваат позитивни вредности.

5.2. Визија

Сакаме нашето училиште да биде:

Современо- кое успешно ќе ги следи развојните определби на образовниот систем и во кое учењето ќе се разбира како сопствена потреба;
Ефективно- кое ќе ги исполнува поставените воспитно-образовни цели
Квалитетно - кое ќе нуди можности за стекнување квалитетни знаења, умеења,способности преку примена на современи модели на воспитно-образовна работа, современи образовни технологии и практика на учење;
Атрактивно- во кое наставниците, учениците и родителите заеднички ќе ја креираат иднината на своите деца според индивидуализираните потреби на сите деца;
Привлечно- во кое ќе се создаваат позитивни вредности;
Демократско- кое ќе ги негува демократските, толерантни и еднакви меѓусебни односи-базирани на разбирање ипочитување;
Безбедно- место во кое со задоволство ќе престојуваат сите партиципиенти
Уредно- место по мерка на сите;
Отворено- секогаш за соработка и комуникација на сите нивоа;
Афирмативно- училиште со изграден имиџ во локалната средина со солидно екипиран кадар со амбиција за постигнување на афирмативни резултати со учениците;

МОТО

„ Со партнерство и соработка до вистински успех„

-

6. LESSONS LEAMED - Веке научено/стекнати искуства

Во училиштето се создадени услови и можности за поквалитетна организација и реализација на наставниот процес. Приоритетите во работата на училиштето се однесуваат на професионалниот развој на кадарот преку организација на тимската работа, екстерна и интерна едукација, активности за практична примена на наученото од посетени обуки, вебинари, семинари за образовни програми и проекти, кој ќе придонесе за осовременување на процесот на настава и учење односно подобрување на постигањата на учениците како краен очекуван резултат.

Во рамки на наставата дел од наставниците користат разновидни наставни форми и методи за интерактивна настава, проектни активности, истражувачки постапки, презентации, во зависност од карактеристиките на учениците и нивните стилови на учење, применувајќи ги современите технички помагала. Примената на современите методски приоди во наставата во училиштето е на основно ниво. Наставниците се обучени за користење на современа образовна технологија во наставата и ќе се настојува да се практикува во целост на повиско ниво.

Во наставната работа најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, соработка и разбирање без разлика на нивниот пол, социјално потекло, етничка/национална или религиска припадност.Учениците се потттикнуваат активно да учествуваат во наставниот и воннаставниот процес, дел од наставниците користат позитивни приоди да ги мотивираат за учење. Дел од наставниците воспоставуваат позитивна интеракција на релација наставник-ученик, се поттикнува и зајакнува соработката помеѓу учениците и наставниците и покрај тоа што училиштето се соочува и со негативни воспитни и социјални особини кај група ученици.

Се следи работата на наставниците посредно и непосредно во сите подрачја од воспитно-образовната работа. Притоа се наведуваат и констатираат позитивните страни и слабости кои служат како основа за дефинирање на образовните потреби и насока за стручно усовршување на наставниците. Наставниците добиваат целосна поддршка во однос на задоволување на индивидуалните образовни потреби на учениците, но има потреба од подобрување на примената на различните стратегии на учење и поучување, но и оценување со цел постигнување индивидуализиран пристап во учењето и постигањата на учениците. Особено се дава поддршка и се практикува менторската работа со наставниците-приправници.

Училиштето има дефинирана политика за оценување и ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Дел од наставниците имаат изградени критериуми за оценување со кои се запознати учениците и заинтересираните родители. Пристапот во оценувањето на учениците е индивидуален од секој наставник.Учениците и нивните родители за својот напредок добиваат усни и писмени информации, притоа се практикува навремено, реално и објективно информирање преку различните форми на соработка.

Интересот на родителите за објективно напредување на своето дете, присутноста во училиште и соработката со училишните субјекти се подобрува.Училиштето дава информации за учењето, редовноста и поведението, воспитните постапки и емоционално-социјалните особини на

-

децата, истакнува план за соработка со родители кој ги овозможува средбите на родителите со сите наставници. Образовниот циклус во училиштето го завршуваат сите ученици (100%). Успехот што се постигнува на ниво на училиште во последните три години е константен, но училиштето настојува истиот да го подобри.

Училиштето го следи успехот на учениците во текот на годината(индивидуално и општо), врз компаративни и дескриптивни анализи по ученици, паралелки, одделенија, наставни предмети и во однос на други учебни години. Со тоа училиштето има севкупна слика за постигањеата на учениците.

Значаен проблем претставува редовноста на учениците односно нередовното изостанување на група ученици и нивното непримерно поведение во училиштето кое негативно влијае врз работата на другите ученици и работата во училиштето воопшто. Спрема тие ученици се спроведуваат законски педагошки мерки и воспитни средства, се остваруваат соработки на сите училишни нивоа, се организираат едукативни рабнотилници, презентации и индивидуални активности, со цел да се постигнат ефекти од истите врз развојот на личноста на учениците. Анализите на податоците потврдуваат дека проблемот е во природата на самите ученици кој го прифаќаат и нивните родители.

Училиштето ќе продолжи со работните активности за надминување или намалување на проблемот со редовноста/нередовноста на учениците во училиштето.

7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Подрачја на промени	**Приоитети**	**Цели**
Настава и учење	1. Осовременување на наставата со примена на современа образовна технологија и интерактивен пристап во процесот на учење и поучување.	- Да се иновира наставниот процес со примена на нови стратегии на учење и поучување. - Да се практикува интерактивен методски пристап. - Доследно да се применуваат дигитални дидактички алатки во наставата.
	2. Професионален развој на наставниците на ниво на училиште за примена на нови стратегии на учење, поучување и оценување .	- Да се подобри интерната едукација и тимска соработка. - Да се усоврша стратегиите на поучување и учење на наставниците по сите наставни предмети. - Организација и реализација на едукативни работилници и дисеминација на обуки во училиште.
	3. Вреднување и оценување на работата на наставниците во училиште.	- Изградување стратегија за следење, вреднување и оценување на работата на наставниците во училиште.
Постигања на учениците	1.Подобрување на постигањата на учениците.	- Да се практикува формативното и сумативно оценување. - Да се подобри наставната практика на наставниците во процесот на поучување. - Да се подобри успехот на учениците според образовните стандарди и критериуми.

-

	2.Подобрување на редовноста и поведението на учениците.	- Да се намали неоправданото изостанување на учениците од настава за 20%. - Да се подобри дисциплината на учениците во училиштето 30%. - Доследно спроведување на законските акти и почитување на куќен ред 20%.
Поддршка на учениците	1. Зајакнување на воспитната работа со учениците во училиште.	-Да се подобри воспитната работа на наставниците. -Да се практикуваат активности за развивање на животни вештини кај учениците. -Да се реализира програма за намалување на насилството кај младите.
	2. Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето.	- Да се афирмира работата на училиштето. - Да се подобри активноста на родителите во воннаставната работа на училиштето. - Да се спроведат активности за едукација на родителите.

Прилог: Акциски план за приоритетна цел: Подобрување на редовноста и поведението на учениците

7.1. План за евалуација на акцискиот план за приоритетна цел:
Подобрување на редовноста и поведението на учениците

-Критериум за успех:
-20% намалување на неоправданото изостанување во однос на минатите две учебни години;
- 30% подобрена дисциплина во однос на минатите две години;
-20 % подобрено почитување на куќниот ред;

- ***Инструменти:***

- Евидентни листи**,** протоколи за набљудување, статистички прегледи, прикази на фактичка состојба, записници од одржани состаноци, правилници, дидактички стручни материјали,
- документација за советување на ученици, документација за советување на родители,
- педагошка документација за разговори со наставници и ученици, родители.

- ***Индикатор за успешност***:

1. Број и вид на изостаноци; Број на спроведени педагошки мерки; Број на остварени советувања со родители; Број на остварени советувања со ученици; Број на остварени соработки со ЦСР. Приказ на фактичка состојба, Резултати од квантитативна и квалитативна анализа на анкетно испитување.

2 Број на одржани работилници со родители, Број на следени часови, Број на дисциплински и воспитни мерки; Број и вид на оценка по поведение, Број на пријавени ученици, број на поплаки од наставници

-

3. Податоци од непосредно следење на однесувањето на учениците, наставниците и родителите и превземените мерки .

- ***Одговорен за следење:*** Директор, Пом.директор, Педагог, Претседател на Совет на родители, Претседател на Училишен одбор

- ***Повратна информација:*** Ќе се дефинира по согледувањата и реализацијата на акциониот план.

-

8. Програми и организација на работата во основното училиште

Согласно новата концепција за основно образование донесена со Решение бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година, новиот Наставниот план од I -VII одделение, како и Наставниот план за VIII и IX одделение и Концепцијата за деветгодишно основно училиште во ООУ,,Гоце Делчев,,- Подгорци во учебна 2024/25 година на организиран начин учениците се здобиваат со знаења, умеења и навики низ следниве видови настава:

- Задолжителна наства
- Изборна настава
- Други видови настава: дополнителна и додатна настава
- Воннаставни активности

Со новата Концепција се планира да се обезбеди суштинскиот предуслов за постигнување на оваа цел- наставата да се ориентира кон продлабочено и смислено учење базирано на критичко мислење и логичко заклучување. Таквото учење бара осмислување и поврзување на информациите и решавање проблеми, наместо помнење факти кои во современи услови на живеење, не само што се лесно достапни, туку се и подложни на манипулација.

Истовремено, концепцијата зема предвид дека основното образование на 21 век има задача да ја засили воспитната компонента на образовниот процес и освен знаења и вештини кои придонесуваат за когнитивен развој на децата , да овозможи и развивање на особини и стекнување со вредности кои им овозможуваат на децата да се развијат во општествено одговорни граѓани и личности со самодоверба.

Концепцијата поаѓа од констатацијата дека учениците полесно можат да ги постигнат очекуваните резултати од учењето доколку го доживуваат она што го учат како релевантно и корисно односно како нешто што можат да го донесат во релација со секојдневниот живот , па затоа и наставните програми се креирани на тој водечки принцип. Истовремено, предвидува и широка понуда на изборни предмети што произлегуваат од искажаните интереси на учениците и можат да пмогнат во развивање на нивните потенцијали, зголемување на задоволството од престој во училиште и подигање на нивната мотивација за учење.

Со национални стандарди се определени компетенциите кои треба да ги стекнат учениците на крајот од основното образование. При дефинирање на компетенциите е користена Европската рамка на квалификации, согласно која клучните компоненти претставуваат комбинација од знаења,вештини и ставови.

Националните стандарди се однесуваат на осум подрачја околу кои се групирани компетенциите. Компетенциите можат да се развиваат и користат во многу различни контексти и во различни комбинации поради што се преклопуваат и се поврзуваат , па некои компетенции се од суштинско значење за едно подрачје се надоврзуваат на компетенциите кои припаѓаат на друго поддрачје.

Националните стандарди се вградени во наставниот план, преку застапеноста на наставни предмети и воннаставни активности и во наставните програми , преку преточување на компетенциите во очекувани резултати од учењето и следствено на нив, во стандардите за оценување.

-

Организација на задолжителна настава

Задолжителната настава претставува содржинска основа на основното образование со која се овозможува вертикална проодност за подобрување на образованието во средните училишта.

Задолжителната настава се организира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование за VIII и IX одделение и наставен план за основно образование од I – VII одделение според новата концепција за основно образование.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик и кирилично писмо и албански наставен јазик, во две смени.

Организирањето на учебната година и одморите за учениците е според Календарот за организација на работата на основните училишта донесен од МОН. Наставата по наставни предмети и наставни подрачја за учениците од I - IX одделение ќе се реализира според утврдените наставни програми по наставни предмети од I-IX одделение, во вкупно 180 наставни денови, по утврден распоред на наставни часови, со времетраење на наставниот час од 40 минути.

Во новиот наставен план се застапени 8-11 предмети. Предметот Македонски јазик е дефиниран со јазикот на кој се реализира наставата и произлегува од подрачјето *Јазична писменост* од Националните стандарди. Од подрачјето *Користење други јазици* произлегува предметот Англиски јазик. Предметот Природни науки опфаќа теми/содржини кои припаѓаат на билогија, хемија, физика и делови од географија и заедно со предметот Математика директно произлегуваат од подрачјето *Математика и природни науки* од Националните стандарди. Овие три предмети ќе бидат застапени во сите одделенија, со различен фонд на часови.

Предметот Историја и општество опфаќа теми/ содржини што припаѓаат на историјата, на делови од географија, на граѓанско образование и други општествено-хуманистички дисциплини и заедно со предметот Општество произлегува од подрачјето *Општество и демократска култура* од Националните стандарди.

Во задолжителни спаѓаат и предметите Ликовно образование и Музичко образование кои произлегуваат од подрачјето *Уметничко изразување и култура* и предметот Физичко и здравствено образование кој се поврзува со определени индикатори од подрачјето *Личен и социјален развој*.Секој од трите предмети е застапен во сите одделенија со ист фонд на часови.

Во вториот образовен период од IV-VI се воведува и предметот Техничко образование и информатика кој произлегува од две подрачја од Националните стандарди: *Дигитална писменост и Технологија и претприемништво*.

Овој предмет ќе биде застапен во сите одделенија, но разликата од едниот до другиот период е во соодносот на застапените содржини – во пониските одделенија акцентот се става на техничкото образование, а во повисоките оддделенија на информатичкото образование.

Од оваа учебна година во VII одделение се воведува предметот Природни науки во рамки на кој ќе се изучуваат три модули и тоа:Физика, Хемија и Биологија.

-

Според новата концепција задолжителниот престој на учениците од I - V одделение во училиштето е 5 часа на ден, од кои 3 - 3,5 часа треба да поминуваат на наставни часови, а преостанатато време во други активности.
Учениците од VI-IX одделение ќе престојуваат по 6 часа дневно, од кои 4 - 4,5 часа се посветени на наставните часови, а престанатото време во други активности.
Организацијата на наставата наметнува и друга улога на наставниците, кои за да излезат во пресрет на учениците престојуваат во училиштето по 6 часа на ден.
Наставниците се јавуваат и во улога на самостојни реализатори или кореализатори на различни други активности во кои учествуваат учениците, какви што се: воннаставните активности, истражувачките/интердисциплинарни проекти, општествено-хуманитарана работа на учениците, подготовка на учениците за натпревари.

Во оваа учебна година продолжува изучувањето на предметите математика и биологија како и за наставните предмети физика и хемија за осмо и деветто одделение според адаптирани наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ (Cambridge International Examination Centre).
Исто така продолжува да се реализира тандем настава по физичко и здравствено образование од I-V одделение.

Наставниците кои реализираат наставни програми од VIII и IX одделение подготвуваат годишни и тематски-развојни планирања, како и долгорочни и среднорочни планирања за кембриџ програмите, по претходно добиени упатства на семинари организирани од БРО и меѓусебни консултации по наставни предмети, предметна и одделенска настава, кои се составен дел од нивните педагошки досиа.

Наставниците кои реализираат програми од I-VII одделение по новата концепција и новиот приод ќе подготвуваат годишни/тематски, неделни планирања и сценарија за час.

Програмата,,Образование за животни вештини,, продолжува да се реализира интегрирано во наставните предмети од I – VII одд. а во VIII и IX одделение според на одделенски час според соодветните програми и прирачници
Содржини од оваа програма ќе се реализираат и во другите одделенија во рамки на СИП и воннаставни активности.

8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Организацијата и работата во училиштето во учебната 2024-25 година согласно програмските целини во наставната година и ученичките одмори е уредено според Календарот за организација на работата на основните училишта донесен од МОН за учебната 2024/25 година.

Прилог: Училишен/наставен календар

-

8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

ПРЕГЛЕД
на кадровската структура во одделенска настава
во учебната 2024/25 година

Р.б.	Име и Презиме на наставникот	Степен-вид на образование	Задолжителна настава	Вк.	Одд.
1.	ИРЕНА ПОПЕСКА	ВСС-Одделенска настава	18+2	20	I -1
2.	МИТРА НАУМОСКА	ПА-Одделенсканастава	18+2	20	I -2
3.					I-3
4.	ФАДИЛ ИСЛАМОСКИ	ВСС-Одделенска настава	18 + 2	20	II -1
5.	РЕХАНА АВМЕДОСКА	ВСС-Одделенска настава	18+ 2	20	II -2
6.	ПРЕМТИМЕ АЈРО	ВСС-Одделенска настава	18+ 2+2	20 22	II -3
7.	ИДРИС АЈРУЛОСКИ	ВСС-Одделенска настава	18 + 2	20	III -1
8.	НАЗИФ РАВМАНОСКИ	ВСС-Одделенска настава	18+ 2	20	III -2
9.	РОНА МИМИНИ	ВСС-Одделенска настава	18+ 2	20+2	III -3
10.	ШЕЈЛА АВМЕДОСКА	ВСС-Одделенска настава	23	23	IV-1
11.	ЕМИНА Ш.МЕМИШОСКА	ВСС-Одделенска настава	23	23	IV-2
12.	БЕСФЈАЛА Н.ИБРАИМИ	ВСС-Одделенска настава		24	V-3
13.	ХРИСТИНА ДИМОСКА	ВСС-Одделенска настава	17+ 3+2+2	24	V-1
14.	АРИФ ИМЕРОСКИ	ВСС-Одделенска настава	17+ 3+2+2	24	V-2
15	АНА МИЛОШЕСКА ЕДИС РЕЏОСКИ АИДА НАСУФИ	ВСС-ФФ-група Англиски јазик Англиски јазик	20 2 2	20 2 2 3 3	II -V I - 2 I -1 II-3, III-3
16.	ГОРАН НАУМОСКИ	ПМФ - Биологија	4	4	V-1,2
17.	МЛАДЕН МЛАДЕНОСКИ	ВСС – Факултет за Физичка култура	3 18	21	II-1 III ,IV, V
18.	МИТРА СТОЈАНОСКА	ВСС – Факултет за Физичка култура	3 6	9	II-2 I-1,2
19.	АЛМИР АЈРАДИНОСКИ	ВСС-инжинер по информатика и програмирање	4	4	V-1,2

-

ПРЕГЛЕД
на бројот и кадровската структура во предметна настава во учебна 2024/25 година

Р.б.	Име и Презиме наставник	Степен на образование	Изведува настава	Фонд часови	Одд. час	Вк.
1.	НАТАША ЦВЕТКОСКА	Ф.Ф-Македонски јазик	Македонски јазик VI-1,2 VIII-1, IX-1, 2	20	/	20
2.	ТАМАРА ЃОНЕСКА	Ф.Ф-Македонски јазик	Македонски јазик VII-1,VII-2, VIII-2	12	/	12
3.	ЕДИС РЕЏОСКИ	ФОН-Факултет за применети јазици	Англиски јазик VI -1,2,VII-1,2 , VIII-1,2	18	1 VIII-2	19
4.	АИДА НАСУФИ	МУ. Англиски јази	Англиски јазик IX 1,2	6	/	6
5.	ГЛОРИЈА ЧОЧОРОСКА	ФФ-Француски јазик	Француски јазик VI,VII,VIII, IX СИП VI-1,2	16 4	1 IX -1	21
6.	НЕЈАТ САЛКОСКИ	ПА-Математика	Математика VII-1,2, VIII-1,2, IX-1 Природни науки (модул Физика) VII-1,2	20 2	/	22
7.	ЛЕПА КОЦИЌ	ПМФ-Физика/ Математика	Математика VI-1,2, IX-2 Физика VIII-1,2 , IX-1,2	14 8	1 IX-2	23
8.	ГОРАН НАУМОСКИ	ПМФ Биологија	Биологија VIII-1,2 IX-1,2 Природни науки модул Биологија VII-1,2 Природни науки VI-1,2	8 4 6	1 VII-2	19
9.	ЈЕТА АЈРО	Биологија	Хемија VIII-1,2, IX-1,2 Природни науки(мод.Хемија)	8 2	/	10
10.	ЈОВЧЕ КРСТАНОСКИ	ПМФ- Географија	Географија VIII-1,2, IX-1,2 Историја и општество (модул Географија) VI-1,2 VII-1,2 СИП VII-1,2 Иновации IX-1,2	8 2 4 4 2	1 VI-2	21
11.	ВИОЛЕТА ЈАНКОСКА	Ф.Ф- Историја	Историја и општество (модул Историја) VI-1,2, VII-1,2 Историја VIII-1,2, IX-1,2 Граѓанско образование VIII-1,2 ,IX-1,2 Историја и општество	8 8 4	1 VIII -1	23

-

			(модул Граѓанско образование)	2		
12.	ЏАВИД АРСЛАНОСКИ	Одделенски наставник	Ликовно образование VI,VII,VIII,IX	8	/	8
			Музичко образование VI,VII,VIII,IX	8	/	8
13.	АЛТИН ЛОГА	Факултет за физичка култура	Физичко образование VI-1,2 ,VII-2, VIII-1,2, IX-1,2	21	/	21
14.	МИТРА СТОЈАНОСКА	Факултет за физичка култура	Физичко образование VII -1 Изборен спорт -IX-1,2	3 4	1 VII - 1	8
15.	АЛМИР АЈРАДИНОСКИ	ФФ-Информатика	Техничко образование и информатика VI-1,2 VII-1,2 Проекти од информатика VIII-1,2 (администрација)	8 4 3	1 VI-1	16

ПРЕГЛЕД
на наставници кои дополнуваат во други училишта

Р.б.	Име и Презиме на наставник	Степен-вид на образование	Наставен предмет	Број на часови	Училиште
1.	ТАМАРА ЃОНЧЕСКА	ФФ-македонски јазик	Македонски јазик	10	ООУ,,Мурат Лабуништи,, Лабуништа

ПРЕГЛЕД
на наставници кои дополнуваат во училиштето од други училишта

Р.б.	Име и Презиме на наставник	Степен-вид наобразование	Наставен предмет	Број на часови	Од основно училиште
1.					

-

ПРЕГЛЕД
на одделенски раководители
учебна 2024-25 година

Ред. бр.	Одделенски раководител	Одделение Паралелка	Ред. бр.	Одделенски наставник	Одделение Паралелка
1.	АЛМИР АЈРАДИНОСКИ	VI-1	1.	ИРЕНА ПОПЕСКА	I-1
2.	ЈОВЧЕ КРСТАНОСКИ	VI-2	2.	МИТРА НАУМОСКА	I-2
3.	МИТРА СТОЈАНОСКА	VII-1	3.	ФАДИЛ ИСЛАМОСКИ	II-1
4.	ГОРАН НАУМОСКИ	VII-2	4.	РЕХАНА АВМЕДОСКА	II-2
5.	ЕДИС РЕЏОСКИ	VIII-1	5.	ИДРИС АЈРУЛОСКИ	III-1
6.	ВИОЛЕТА ЈАНКОСКА	VIII-2	6.	НАЗИФ РАВМАНОСКИ	III-2
7.	ГЛОРИЈАЧОЧОРОСКА	IX-1	7.	ШЕЈЛА АВМЕДОСКА	IV-1
8.	ЛЕПА Ѓ.КОЦИЌ	IX-2	8.	ЕМИНА Ш.МЕМИШОСКА	IV-2
			9.	ХРИСТИНА ДИМОСКА	V-1
			10.	АРИФ ИМЕРОСКИ	V-2
			1.		I-1
			2.	ПРЕМТИМЕ АЈРО	II-3
			3.	РОНА МИМИНИ	III-3
			4.	БЕСФЈАЛА ИБРАИМИ	V-3

8.3. Работа во смени

Наставата во училиштето се изведува на македонски наставен јазик и кирилично писмо, во две смени:

- Прва смена : за учениците од VI - IX одделение со почеток од 7.30 до 12.55 часот;
  за учениците од I одделение со почеток од 9.00 до 12.00 часот;
- Втора смена: за учениците од II - V одделение со почеток од 13.15 до 18.00 часот;

Сменското работење во училиштето е одредено според условите и карактеристиките на локалната средина односно на потребите на учениците во согласност со нивните родители.

-

8.4. Јазик/јазици на кој/ и се изведува наставата

	Македонски јазик	**Албански јазик**	**Турски јазик**	**Српски јазик**	**Босански јазик**
Број на паралелки	18	3	/	/	/
Број на ученици	277	12	/	/	/
Број на наставници	29	3	/	/	/

8.5. Проширена програма

Согласно Член 32 од Законот за основно образование и Концепцијата за деветгодишно основно образование училиштето планира реализација на Проширена програма која опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовна настава и еден час по завршувањето на редовната настава.

Согласно Член 33 училиштето за учениците од прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовна настава и еден час по завршувањето на редовната настава во согласност со родителот.

- Индивидуалните проширени програми содржат различни активности од типот:

Прифаќање и заштита на учениците, пишување домашни задачи, диференцирани задачи за дополнување на пропуштени наставни цели, активности од вештини, работни-наставни листови од развоен тип по наставни предмети, спортски активности и слично според интересот на родителот, потребите на учениците и наставните програми на наставникот.

Индивидуалните проширени програми се доставуваат во месец Септември од тековната учебна година. Истите се отворени и може да се променат во зависност од напредувањето на учениците.

Напомена: Проширената програма на училиштето ќе се изготвува, организира и реализира во зависност од барањето и потребите на родителите.

8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во училиштето се изучуваат два странски јазици: англиски и француски јазик. Англиски јазик се изучува како прв странски јазик со учениците од I-IX одделение, во 21 паралелки, а наставата ја изведуваат тројца наставници. Француски јазик се изучува како втор странски јазик со учениците од VI – IX одделение во 6 паралелки, а наставата ја изведува еден наставник.

Оваа учебна година според новата концепција наставниот предмет Втор странски јазик во VI одделение е задолжителен изборен предмет.

На учениците од V одд. на крајот од учебната година им се понуди листа со четири странски јазици за избор на јазик односно предмет што ќе го изучува во VI одделение

-
во следната учебна година. Избраниот втор странски јазик во VI одделение ќе се изучува континуирано до крајот на основното образование на ученикот.
Според интересите на учениците , кадровските услови и ресурсите со кои расплага училиштето, во оваа учебна година во VI одделение ќе се изучува Францускиот јазик како втор странски јазик, задолжителен изборен предмет и како задолжителен предмет од VII-IX одделение.

Странски јазик	Вид	Паралелки	одд	Број на ученици	Наставници
Англиски јазик	Прв	21	I - IX	277	3
Француски јазик	Втор	6	VI-IX	117	1

8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од I – V одделение

Согласно новиот Закон за основно образование продолжува сукцесивно воведување на тандем настава по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение. Се реализира актуелната наставна програма, а активностите и методите на работа за постигнување на целите на програмата со новиот наставен пристап се остваруваат преку вклучување на наставник по физичко и здравствено образование, според препораките од Бирото за развој на образованието. Тандем настава по физичко и здравствено образование продолжува да се организира од **I – V** одделение, а ја реализираат одделенските наставници и стручен наставник по физичко и здравствено образование.

8.9. Изборна настава

Според наставниот план за основно деветгодишно образование, во училиштето изборна настава во учебната 2024/25 година ќе се реализира по наставните предмети:

- IV одд 1. Танци
  2. Моден и компјутерски дизајн
- V одд 1. Моделарство креативни идеи,направи сам
  2. Фудбал
- VI одд.: 1. Градење интерперсонални односи
  2. Класична култура
- VII одд: 1. Одисеја во вселената
  2. Прва помош
- VIII одд: Проекти од информатика
- IX одд: Изборен спорт

Наставата по наведените изборни предмети се реализира со сите ученици во паралелките. Изборот на предметите е направен според условите за работа во училиштето, застапениот стручен кадар и интересот на учениците.
Процедурата за избор на предмети е спроведена на родителски средби преку презентација на програми и анкети со ученици односно родители според нивниот интерес за учениците од VII-IX одделение.

-

Според новиот наставниот план и новата концепција за основно образование во првиот образовен период од I – III одделение слободниот изборен предмет се реализира во форма на слободни активнсти што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците односно со согласност од родителите. Се избираат два предмети во текот на една учебна година (1 во прво полугодие, друг во второ полугодие) .

На учениците од IV - VI одделение оваа година им се понуди да избираат од листа со четири категории слободни изборни предмети и тоа:

1. Изборни предмети за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети;
2. Изборни предмети за поддршка на интересите на учениците кои не се дел од наставните предмети;
3. Изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците;
4. Изборни предмети од спортско-рекреативен карактер;

Им се понудени најмалку три изборни предмети од секоја од четирите категории, а учениците бираат два во текот на една учебна година еден за прво и друг за второ полугодие. Секој ученик во текот на еден образовен период не може два пати да избере ист предмет, освен ако не се работи за предмети од иста област кои се на различно ниво. Ќе се реализира ист изборен предмет со сите ученици на ниво на паралелка односно одделение.

Слободните изборни предмети ги водат наставници од соодветниот образовен период, кои се именуваат како одговорни за нивната реализација.

Одговорните наставници за реализацијата на слободните изборни предмети ги следат и вреднуваат напредокот и постигањата на учениците . Учениците се оценуваат описно и постигањата се вклучуваат во додатокот на свидетелството според концепцијата доколку настанат законските измени. По укажување од МОН се до законските измени ќе се оценуваат бројчано со оценки 1,3 и 5 и истите ќе се пресметуваат во постигнатиот општ т.е. годишен успех на ученикот.

8.10. Дополнителна настава

Во училиштето се организира дополнителна настава според план, програма и потребите на учениците.

Дополнителна настава се организира за учениците кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати односно на барање на ученик, негов родител или старател или по проценка на наставникот. Наставникот ја планира дополнителната настава според потребите на учениците. За потребата од посета на учениците на дополнителна настава одделенскиот односно предметниот наставник води евиденција за посетеноста на учениците, како и писмени известувања за родителите за констатираните потреби и нивнната редовност.

Одговорен наставник изработува месечен распоред за дополнителна настава за секој наставен предмет.

Евиденција за реализација на дополнителната настава се води во посебни образци според Правилник објавен од МОН и се архивира во одделенски дневник на паралелка.

Прилог: Распоред за дополнителна настава

-

8.11. Додатна настава

Училиштето организира и додатна настава за оние ученици кои постигнуваат значајни резултати по одделни наставни предмети. Секој наставник се обврзува да им понуди програма на учениците. Организацијата и реализацијата на овој вид настава ќе зависи од пројавениот интерес кај учениците.

Евиденција за реализација на додатна настава се води во посебни образци според Правилник објавен од МОН и се архивира во одделенски дневник на паралелка.

Прилог: Распоред за додатна настава

8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Училиштето подготвува програми за работа со надарени и талентирани ученици врз основа на воспоставена процедура за идентификација на надарени-талентирани ученици. Педагошко-психолошка служба во и од друго училиште ги испитува способностите на идентификуваниот ученик. Се организира додатна настава и се следи во рамки на редовната настава. Секој одговорен одделендки / предметен наставник изработува индивидуализиран план согласно наставните програми за проширување на знаењата и план за додатна настава. Врз основа на податоците се одредуваат натамошни постапки во наставаниот процес, во континуитет. Реализатори се стручните соработници, одделенските раководители и наставниците кои им предаваат на односните ученици. Се планира редовна соработка со родителите, како и стручни лица од соодветни институции

Прилог: Оперативна програма за работа со талентирани ученици.

8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Врз основа на позитивните законски прописи, учениците со посебни потреби и образовни потешкотии и здравствени проблеми се вклучени во задолжителната настава во редовни паралелки и стануваат дел од животот во училиштето.

Училиштето врши идентификација на овие ученици, го следи нивниот психофизички и интелектуален развој и настојува со различни средства позитивно да влијае на истиот особено на конативниот, афективниот и социјален аспект.

До изнаѓање на соодветни системски решенија на државно ниво за овој проблем, од аспект на застапеност на соодветен стручен наставен кадар, училиштето односно наставниците изработуваат свои индивидуални програми за работа со оваа категорија на ученици, врз основа на односните наставни програми.

Училиштето подготвува програми за работа со ученици со посебни потреби, образовни потешкотии и здравствено-емоционални проблеми, врз основа на воспоставена процедура за идентификација на учениците по следниве чекори: следење на децата при упис во I одделение, следење и идентификација во тек на учебна година, врз основа на односните податоци прилагодување на наставните програми на потребите и способностите на учениците и изготвување индивидуални планирања,

-
стручно усовршување на кадарот преку семинари, обуки, вебинари и непосредни комуникации со стручни лица за можности за соодветна инклузија на ученици во редовната настава.

Носители и реализатори на индивидуализираните програми се наставниците кои предаваат во паралелките каде учат односните ученици во соработка со педагогот по потреба и барање. Реализацијата ќе се остварува и во соработка со стручни лица од Центарот за поддршка во општина Струга и Ресурсен Центар во Битола по потреба.

Инклузивен тим за реализација на програма за ученици со посебни потреби и образовни потешкотии во учебна 2024/25 година
Наставници: Виолета Јанкоска, Лепа Ѓ.Коциќ , Едис Реџоски

Педагог: Весна Чаторошкоска Претседател на Училишен одбор
Пом.Директор: Фадил Исламоски Претседател на Совет на родители

Прилог: Оперативна Програма - индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби

8.14. Туторска поддршка на учениците

Училиштето нема потреба и услови за организација на тутурска поддршка научениците

8.15. План на образовниот медијатор

Училиштето нема потреба од ангажман на образовен медијатор.

9. Воннаставни активности

Според новата концепција за воннаставни активности во училиштето ќе се организираат повеќе видови воннаставни активности кои се разликуваат според должината на времетраењето:

*1.краткотрајни воннаставни активност*и
- излети и екскурзии
- еднократни работилници
- акции во училиштето или во заедницата

2. подолготрајни воннаставни активности:
- секции/клубови

3. посебен вид
-ученичко организирање

9.1. Училишни спортски клубови

Училиштето нема формиран училишен спортски клуб. Имајќи го во вид значењето на училишниот спорт училиштето формира спортски ученички секции.

Имено, училишниот спорт има непосредно влијание врз психофизичкиот развој кај учениците, го зајакнува нивното здравје, изградува навики за здрав живот и спортска активност и култура на добро држење на телото. Ги задоволува потребите за

-
правилен развој на учениците и тоа преку игрите, спортот, гимнастиката во зависност од интересот на учениците.

Конкретни цели се однесуваат на: стекнување и развивање на моторните способности, брзина, рамнотежа, ориентацијаво простор, експлозивност, сила, развој на општата моторика и спречување на појава на аномалии (деформитети), преку правилни изведување на вежбите за позитивен анатомско-физиолошки,функционален и моторички развој, развој на фер-плеј однос и др.

Ред. бр.	**Училишни секции**	**Број на ученици**	**Број на часови**	**Одговорен наставник**	**Време на реализација**
1.	Фудбал	16	72	Алтин Лога	Октомври
2.	Ракомет	12			Ноември
3.	Одбојка	12	36	Митра Стојаноска	Декември
4.	Пинг понг	8			Февруари
5.	Шах	10	36	Алтин Лога	Во тек

9.2. Секции

Ученичките секции се организираат за сите ученици кои ќе покажат интерес и желба да го исполнат своето слободно време со најцелисходни и најадекватни содржини. Основната цел се однесува на создавање претпоставки за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците. Респектирајќи ја таа цел,училиштето води грижа за создавање просторни, кадровски и материјално-технички услови, за збогатување и осмислување на содржината за активностите на учениците, како и подготовка на програми кои ќе поттикнуваат поброjно ангажирање на учениците во рамките на секциите.

Секциите се подолготрајни воннаставни активности кои ќе се формираат за потребите на група ученици кои споделуваат заеднички интерес на ниво на паралелка, на ниво на одделение или на ниво на ист возрасен циклус.

Активноста ќе се реализира еднаш неделно (1-2 часа неделно) во текот на едно полугодие или на цела учебна година, по утврден распоред во рамки на распоредот за редовна настава.

Видови секции кои ќе се понудат на учениците според новата концепција се:
-секции за проширување /продлабочување на содржините од наставните предмети
-секции за поддршка на други воннаставни интереси на учениците
-секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците
-спортско-рекреативни секции

На почетокот на учебната година(месец Септември) ќе се спроведе анкета за учениците и родителите за учениците од прво до трето одделение. Врз основа на добиените резултати од анкетата ќе се определат одговорни наставници за реализација на избраните секции преку активите и на Наставнички совет.

Планот и програмата за работа на секцијата ќе биде составен дел на педагошкото досие на одговорниот наставник.

-

Одговорниот наставник има обврска за следење, бележење на редовноста и ангажираноста на секој вклучен ученик, а преку принципите на формативно оценување да го спроведува вреднувањето на напредокот на секој ученик.

Евиденцијата за реализација на секцијата ќе се води во посебен дневник на наставник за воннаставни активности. Одговорниот наставник дава мислење за секој ученик и истото описно го запишува во додатокот на свидетелство на ученикот.

9.3. Акции

Овој вид активности учениците ги реализираат во училиштето и локалната средина преку: учество во работни акции од различен вид, уредување на училишниот објект и училишниот двор, организирање на хуманитарни настани, еколошки акции, солидарни акции и слично. Целта на организацијата на општествено-хуманитарната работа е кај учениците: да се развива позитивен став и одговорност кон работата, да се развиваат навики за истрајно, уредно и навремено извршување на задачите, работни навики и умеења за ракување со работен алат, да се развиваат хигиенски навики и навики за одржување на хигиената во училиштето и непосредната околина, да се развива еколошката свест, да се формираат навики за заштита на животната средина и природата, особено да се создаде позитивен однос кон спомениците на културата и историјата.

Реализатори на овие активности ќе бидат учениците водени од одделенски раководители и тимот задолжен за ова подрачје по однапред изготвена програма дадена во прилог, а реализацијата ќе се евидентира во одделенските дневници соодветно од прво до деветто одделение.

Прилог: План за организација на акции

10.Ученичко организирање и учество

За организирано остварување на своите права и демократска партиципација,како и вклучување на учениците во различни начини и на различни нивоа на одлучување за сите работи кои ги засегаат во училиштето, учениците во училиштето се организираат преку формирање на ученички тела на ниво на паралелка и на ниво на училиште, односно заедница на паралелка и ученички парламент.

Заедницата на паралелка ја сочинуваат учениците од одделна паралелка, со демократски избран претседател, со раководство од одделенскиот раководител.

Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Од нивните редови по демократски пат се избира претседател на ученичкиот парламент.

Првото свикување и организација на ученичкиот парламент го врши директорот на училиштето. Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиште, кој се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение по пат на тајно гласање.

Прилог: План за работа на ученички парламент

-

10.1 Ученички иницијативи

Целта на граѓанското образование е да ги оспособи и зајакне учениците да бидат одговорни, активни граѓани кои ефективно ги извршуваат своите улоги во општеството; да стекнат знаења,вештини, но и ставови и вредности кои треба да водат кон граѓанско однесување. Всушност, учениците не е доволно само да ги познаваат човековите права, државните институции и политичките концепти и процеси, туку правата и одговорностите треба да ги практикуваат во рамки на училиштето и заедницата.

Основната цел на граѓанското образование е поттикнување на учениците да се вклучат во различни форми на општествено организирање за постигнување одредена општествена промена.

За постигнување на таа цел клучно е автентично учество на младите во општествените процеси.

Целите ќе се постигнат преку часовите и наставната програма за граѓанско образование, но се планира да се воведе и сеопфатен пристап преку интегрирање на вредностите и принципите на демократијата и човековите права во сите аспекти на училишниот живот преку воннаставните активности

Прилог: Акциски план за граѓанско образование

- **Активности поврзани со антикорупциска едукација на учениците**

По укажување од МОН со акт бр. 12-9088/1 од 19.08.2019 година и оваа учебна година во училиштето се планираат активности поврзани со антикорупциска едукација на учениците според насоките дадени во дописот од МОН со акт бр.12-19554/1 од 10.11.2017 година, во рамки на воннаставни активности организирани од предметниот наставник по граѓанско образование.

Прилог: Програма за антикорупциска едукација на учениците

11. Вон училишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Според Годишната програма во оваа учебна година се планира да се реализираат: два ученички излети од забавно – рекреативен карактер, во есенски и пролетен период во локалната средина со учениците од I-IX одделение, една екскурзија од научен и воспитно-образовен карактер и наставни екскурзии:

- Еднодневна научна екскурзија со учениците од VI и IX одделение на релација Подгорци – Тетово-Скопје – Струга во месец Октомври и
- Полудневна научна ексукрзија со учениците од III одделение на релација Подгорци- Охрид- Струга-Подгорци, во месец Октомври според одредбите одредени со Правилникот за организација на ученички екскурзии донесен од МОН.
- Наставни екскурзии по одредени предмети по избор на учениците и одговорни наставници во текот на учербната година.

Прилог: Програма за организација и реализација на ученички екскурзии

-

11.2. Натпревари за учениците

Ученичките натпревари имаат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Основната цел е кај ученикот да развие натпреварувачки дух, да се продлабочи интересот кон наставата, знаењата, но и активниот однос кон нивно усвојување. Исто така, имаат позитивно влијание и врз развојот на социјализацијата и социјалните односи меѓу учениците во средината и пошироко.

Во училиштето се планира да се организираат училишни натпревари по повеќе предмети во предметна настава во второ полугодие, во форма на натпревар помеѓу групи на ниво на одделение со крајна цел постигнување на повисоки резултати за учество на општински, регионални или натпревари од повисок ранг. Учениците се подготвуваат на часови за додатна настава и слободни активности, како и преку самостојна работа и работа во мали групи на заинтересирани ученици. Училишни натпревари ќе се организираат и во одделенска настава помеѓу екипи на ниво на паралелка и на ниво на одделение.

Училиштето ќе организира ученички натпревари и во други образовно-воспитни подрачја, посветени на разни поводи во рамки на училиштето и локалната средина, општината или регионот. Притоа, учениците ќе имаат можност да ги презентираат своите постигања и способности, афирмирајќи го училиштето во целост.Училиштето ќе учествува на натпревари организирани од акредитирани здруженија согласно Правилникот за начинот и критериумите за организација...(МОН).

Прилог: План за ученички натпревари

12. Унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Со цел да се развие мултикултурата и мултиетничноста во нашето училиште се планираат разни активности во текот на целата година. Неизоставен дел ќе бидат сите ученици кои ќе изразат желба за активно учество, дружење и посветена работа. Тимот ќе ги анализира критичните точки во надминувањето на културните и етничките разлики преку одржување на состаноци на стручни активи, одржување на отворени дебати на кои ќе земат учество наставници, ученици, родители и претставници на месната заедница. Акивностите ќе бидат планирани како дел од редовната настава со акцент на одделенските часови односно ОЖВ работилници, како и во рамките на слободните ученички активности. Исто така, ќе бидат организирани заеднички прослави, спортски натпревари, културни настани, екскурзии, заеднички часови и посета на партнер училишта, кои се планирани активности во рамки на проектот за мултиетничка интеграција во образованието.

Во оваа учебна година училиштето ќе изготви акциски план за МИО , во состав на годишна програма според укажувањето од МОН и локалната самоуправа.

-

14. Проекти што се реализираат во основното училиште

а) Проект „Бесплатни учебници за сите ученици„

Училиштето го реализира проектот според Правилникот и укажувањата од МОН. Сите учениците се обезбедуваат со бесплатни учебници, притоа се почитуваат интерните правила, се води електронска и пишана документација.

б) Проект за интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем

Училиштето е вклучено во реализација на проектот за интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем. За таа цел еко одборот подготвува училишна еко програма и интегриран план за реализација во наставата. Во текот на учебната година се планирани програмски активности, за кои ќе се води досие во педагошката архива, притоа се става акцент на практични активности од секојдневниот училишен живот за подигнување на еколошката свест кај учениците, уредување на училишниот двор и хортикуларно уредување на училишниот објект.

в) Програма за политика за ненасилно однесување во училиштата

И оваа учебна година во училиштето ќе се реализира годишна програма за реализација на проектот за ненасилно однесување во училиштата со цел да се утврдат конкретни состојби за степенот и видот на насилство како и да се изнајдат стратегии и процедури за ненасилно решавање на проблемите. За таа цел се пренесуваат искуства од посетените семинари за стручна подготовка на тимот за реализација, подготвена е програма и акциони планови за нејзино спроведување и дисеминација на обуки во училиштето.

На овој план училишниот педагог подготви и започна со спроведување на Програма за превенција и справување со врсничко насилство во училиштето која продолжува и во учебна 2024/25 година.

Подготвен е акциски план со активности за вклучување на сите субјекти, анкета со учениците со цел да се осознае појавата, видовите и манифестациите на насилство, начините на спречување и решавање на проблемите, како и колкуучилиштето е организирано во превенција на појавата.

Се планира реализација на работилница со ученици по одделенија за врсничко насилство, појава на сајбер насилство во соработка со одделенските раководители и наставникот по граѓанско образование.

Прилог; ***Програма за политика за ненасилно однесување во училиштата***

Акциски план

-

д) Програма за мултиетничка интеграција во образованието

Во училиштето се реализира програма за мултиетничка интеграција во образованието. За таа цел е формиран тим и подготвена програма според насоките дадени од БРО и насоките дадени на соодветните обуки.

15. Поддршка на учениците

15.1. Постигнување на учениците

Успехот и постигнатите резултати на учениците според квантитативните и квалитативните анализи од педагошки аспект имаат потреба од подобрување на нивниот квалитет според образовните стандарди и солидните услови за работа на училиштето.

Според евиденцијата постигнатиот успех на учениците е константен и просечен , кој според условите и организацијата на воспитно- образовната работа во училиштето објективно може да се подобри. Училиштето го следи успехот на учениците во текот на годината (индивидуално и општо), врши компаративни и дескриптивни анализи по ученици, паралелки, одделенија, наставни предмети и во однос на други учебни години. Со тоа училиштето има севкупна слика за постигањата на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценување и ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.

На крајот од учебната 2021/22 година од вкупно 305 ученици: описно оценати се 215 ученици од I – VI деветгодишно одделение и 90 ученици се бројчано оценати од VII- IX деветгодишно одделение. На ниво на училиште постигнат е среден успех 3,82

На крајот од учебната 2022/23 година од вкупно 276 ученици: описно оценати се 101 ученик од I – III одделение , 173 ученици се бројчано оценати од IV- IX одделение, 2 ученика го повторуваат одделението. На ниво на училиште постигнат е среден успех 3,73.

На крајот од учебната 2023/24 година од вкупно 269 ученици: описно оценати се 95 ученици од I – III одделение , 174 ученици се бројчано оценати од IV- IX одделение, 4 ученици го повторуваат одделението и тоа 2 со 3 и повеќе слаби оценки и 2 неоценати. 1 ученик е упатен на поправен испит. На ниво на училиште постигнат е среден успех 3,59.

Во интерес на постигањата на учениците се реализираат програми за унапредување на наставата и оценувањето на учениците преку работа на стручни активи и стручни тимови во училиштето. Потешкотии за постигнување повисоки резултати претставуваат и техниките и навиките за учење на самите ученици, како и сфаќањето на образованието воопшто кое се настојува позитивно да се развие преку програмата за професионална ориентација што се реализира во училиштето. Според наведените констатации училиштето ќе изработи конкретни програми дадени во прилог на оваа програма.

-

15.2. Професионална ориентација на учениците

Согласно законските прописи во училиштето се реализира програма за професионална ориентација на учениците, која ја остварува училишниот педагог преку соработка со наставниците, директно со учениците и родителите и во соработка со субјекти од средношколските центри. Проблемот е сложен, суптилен и комплексен и има свои димензии кои неопходно треба да се опфатат и анализираат од сите субјекти. Затоа училишните субјекти имаат и професионална обврска да им помогнат на учениците навремено и солидно да се запознаат со значењето на определбата за изборот на образованието односно својата професија/занимање, условите и критериумите за запишување во средните училишта, како и глобално за нивните основни карактеристики и психолошка подготовка.

За реализација на таа цел и задача во училиштето се спроведуваат активности од типот на стручна советодавно-консултативна работа на сите нивоа; излагања, презентации, анкети, дискусии; организација на посети на приватни и општински средни училишта во форма на отворен ден; организација на посети во училиштето од тимови на средни училишта за запознавање преку презентација, брошури, флаери и слични активности според потребите и интересите на учениците.

Програмата ја реализира тим во состав на : училишен педагог, пом.директорот и одделенските раководители во IX одделение.

Прилог: Програма за професионална ориентација на учениците

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и за пуштање, спречување дискриминација

На овој план во училиштето се планира реализиција на програма за намалување на насилството во училиштата и подобрување на однесувањето, за која е формиран тим од директорот, пом,директор, училишниот педагог и двајца наставници, кој ги посетија соодветните семинари. Се планираат едукативни работилници и активности со наставниците во училиште, ученици и родители, како и презентации на конкретни училишни ситуации. Целта е актуелизација на реститутивниот методски пристап во работата со учениците. Непосредно реализација на програмата за ,,Образование за животни вештини,, на одделенксите часови по водство на одделенските раководители.
За реализација на програмата се планира поддршка од служби во Центарот за социјална работа и МВР.

Училишниот педагог како одговорен за работа со ученици со асоцијално и антисоцијално однесување и нивните родители преку реализација на Програмата за советување на родители и ученици согласно законските одредби. Притоа се планира соработка со директорот, пом.директорот и одделенските раководители во училиште, психолог од друго училиште, педагошката служба при МОН и службите во Центарот за социјална работа.
Преку соработка со служби во Црвен Крст и МВР според нивниот план училиштето

-
планира реализација на типизирани предавања и работилници за болести на зависност како превентива, бидејќи не се констатирани случај ученици во училиштето.

Во рамки на ова подрачје училишниот педагог се вклучи во реализацијата на Програмата за унапредување на менталното здравје на учениците со цел зајакнување на психолошките потенцијали, развивање на компетенциите и унапредување на добросостојбата на учениците, воспоставена од БРО со поддршка од УНИЦЕФ.

Подготвен е акциски план за спроведување на активности за детектирање на појави на врсничко насилство односно групни и индивидуални работилници со ученици на тема: ,,Прифатете ги сопствените емоции и научете соодветно да реагирате!,,со цел откривање кои емоции доминираат кај учениците, кои се причините за појава на позитивни и негативни емоции, како реагираат на истите и дали поседуваат стратегии кои би ги користеле за справување со доживеаната емоција. Акцискиот план содржи активности кои ќе се реализираат во соработка со тим од одделенски раководители, заради пројавениот интерес кај учениците за темата.

Со акт од МОН со бр. 12-5451/! од 16.05.2023 година училиштето доби насоки за спроведување активности за подобрување на менталното здравје, безбедноста и добросостојба кај учениците и кадарот во училиштата поради кризните ситуации и настани во соседните и нашата држава.

Реализацијата на програмата за психосоцијална помош и поддршка на учениците е приоритетна на овој план во учебната 2023/24 година со вклучување на сите субјекти, на сите нивоа во училиштето.

Прилог: Програма за ненасилно однесување на училиште
Програма за унапредување на менталното здравје

16. Оценување

16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето на учениците е значајна компонената во наставниот процес. Врз основа на резултатите се следи и подобрува процесот на учење и поучување. Согласно Законот за основно образование оценувањето на учениците од I-VI одд. е описно, а на крајот од учебната година бројчано и во третиот период од VII-IXодд. е бројчано според законските одредби.

Се спроведува план за формативно и сумативно оценување при што се применува Етичкиот кодекс. При оценувањето се користат стандардите и критериумите изготвени од БРО, во координација со сознанијата стекнати на обуките во рамките на ПЕП- компонента за Унапредување на оценувањето на учениците.

Наставниците водат педагошки досиа за учениците, ги информираат родителите преку евидентни листи за секој класификационен период на редовни родителски средби.Училиштето има процедура за поплаки и жалби по добиени оценки која ја спроведува тим составен од стручен соработник, одделенски како и предметни наставници и начин за известување на родителите по жалбите.

Училишниот педагог врши квартални анализи на постигнатите резултати и споредби со веќе постигнатите во изминатите периоди.

-

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Училиштето ќе формира тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето, како и за усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Притоа ќе се изготви план за поддршка на наставници со слаби резултати од работењето како и за наставниците - креатори и иноватори на развојот на квалитетно оценување.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Следењето, унапредувањето и вреднувањето на воспитно-образовната работа на училиштето се однесува на собирање, анализирање и проценување на податоци за квалитетот на работата и резултатите што се постигнуваат, а врз основа на согледаните реални состојби, обезбедување услови, можности и осмислување конкретни стручни активности за перманентно подобрување на работењето во сите програмски подрачја.

Во таа смисла училиштето настојува да ја следи и вреднува работата на наставниот кадар во училиштето врз основа на индикаторите за квалитет на работата на училиштето и образовните стандарди преку водење на педагошки картони за проценка на работата на наставникот и професионални досиа.

Следењето и вреднувањето го спроведува тим во состав на училишниот педагог, пом.директорот и вд.директорот секој од свој аспект.

Прилог: Програма за следење и вреднување на воспитно-образовната работа

16.4. Самоевалуација на училиштето

Согласно законот за основно образование, за обезбедување квалитет во работата на училиштето, на секои две години училиштето врши самоевалуација односно на крајот од секоја втора наставна година. Самоевалуацијата ја спроведува училишна комисија од пет члена од редот на наставниците, стручниот соработник, родителите која по предлог на директорот ја формира училишниот одбор. Самоевалуацијата ги опфаќа следниве области: организација и реализација на наставата и учењето, постигањата на учениците, професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар, управување и раководење, комуникации и односи со јавноста, училишната клима и култура и соработката со родителите и со локалната средина. Комисијата изготвува извештај за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата кој го доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот. Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на веб страницата на училиштето и на општината, а извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето се доставува до ДИЦ.

Прилог:План за самоевалуација на работата на училиштето

-

17. Безбедност во училиштето

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.

Училиштето има пропишана процедура за заштита на учениците од физички повреди при елементарни непогоди и план за движење при евакуација, како и обучен тим за реализација на програмата дадена во прилог.

Поради местоположбата на училишниот објект во централниот дел на населбата и изложеноста на негативни влијанија и лица од надворешната средина, училиштето в соработка со совет на родители постави и видео надзор.

Прилог: План

18. Грижа за здравјето

18.1. Хигиена во училиштето

За одржување на хигиената во училиштето е задолжен техничкиот персонал.Училиштето има план за одржување н хигиената во текот на денот и неделата, односно годината. Во дворот на училиштето, во секоја училница има корпи за отпадоци. Се грижи учениците правилно да ги користат истите, како и тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Училиштето има програма за превенција од заразни болести.

Училиштето планира обезбедување на финансиски и материјални средства за одржување на хигиената во училниците особено во санитарните простории во соработка со Советот на родители преку спонзорство од бизнис и месната заедница.. Заради развивање на хигиенски навики кај учениците се планираат и работни акции за чистење и средување на училишниот простор и двор, а акцент се става на воспитната работа со учениците во конкретни непосредни училишни ситуации со практика на реститутивен пристап.

18.2. Систематски прегледи

Систематски прегледи се спроведуваат за учениците од I, III, V, VII и IX одделение според план од Здравствен дом – Вевчани.

Прегледите се спроведуваат надвор од училиштето во Здравствен дом во Вевчани, пред или по наставата со водство на одделенскиот раководител. По договорените термини одделенските раководители одржуваат родителски средби на кои се информираат родителите за обврските и спроведувањето на прегледите, со самофинансирање. Училишниот педагог добива извештаи со индивидуални резултати за секој ученик. Истите се разгледуваат и соодветни информации се доставуваат до родителите за евентуално навремено превземање соодветни мерки.

-

Во соработка со Здравствен дом и Црвениот Крст се планираат и предавања и едукативни работилници за учениците во врска со заштитата од заразни болести, превземање на превентивни мерки за разни заболувања, заштита од болести на зависност и сл.

18.3. Вакцинирање

Согласно Законските одредби и обврски на училиштето се организира вакцинирање и ревакцинирање на учениците според планот од Здравствен Дом - Вевчани каде и истото се спроведува поради избегнување на несакани ефекти, преку навремено информирање на учениците и нивните родители во организација на одделенскиот раководител.

18.4. Едукација за здрава исхрана- оброк во училиштето

Поаѓајќи од современите сфаќања за значењето на категоријата ,,здравје,,- заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите субјекти во училиштето, во непосредна соработка со родителите, здравствените служби и поширокатa заедница.

Едукацијата на учениците ќе биде насочена кон стекнување на информации и знаења за здравата исхрана како фактор за подобро здравје, но и непосредна превентива од појава на конкретни проблеми. Задачите од ова подрачје ќе се реализираат преку содржини и работилници на одделенските часови во рамки на програма за ОЖВ, наставните предмети Биологија, Физичко и здравствено образование, предавања од стручни медицински лица, како и еколошки активности.

Прилог: Програма за едукација за здрава храна

19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правилник за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерен правилник за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставници во училиштето. Во нив се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.Правилниците се дадени во прилог на Годишната програма.

Во насока на континуирано унапредување на училишната клима и дисциплината во училиштето во почетокот на месец Октомври предвиден е состанок на Наставничкиот совет и Советот на родители, како и Ученичката заедница со цел детектирање на негативни појави забележани во начинот на однесување на сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес во минатата учебна година. Врз основа на констатациите и заклучоците тимот ќе се изготви план за подобрување на училишната дисциплина.

-

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Преку реализацијата на општествено корисната работа кај учениците ќе се негува позитивниот однос кон работата. Во прилог на тоа во училиштето се планирани активности за одржување и естетско уредување на училниците , ходниците, училишната зграда и училишниот двор.

Училиштето е активно вклучено и во Еко програмата, чија главна цел е преземање активности за зачувување на животната и работната средина и нејзино естетско и функционално облагородување, во рамки на кој ќе се реализираат и активности од т.н. Зелен пакет .Се планира да се вклучат групи ученици од V - IXодд. со водство на наставниците по хемија и биологија, и односните одделенски наставници.

Исто така, во училиштето функционираат и секции со кои ќе се создадат претпоставки за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците, а во интерес на уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето.

19.3. Етички кодекси

Училиштето во рамките на своето работење има изготвено Етички кодекс за однесување на наставниците, Етички кодекс за однесување на учениците, а некои од начелата за етички кодекс на вработените во училиштето опфатени се и во рамките на одредбите од куќниот ред на училиштето.

Заради важноста на комуникацијата и соработката на родителите и училиштето, во периодот октомври-ноември се планира стручен тим од училиштето во соработка со Советот на родители да изготви Етички кодекс за родители.Истиот да се промовира во текот на учебната година и да стане дел од училишната документација и практика.

Тимот го сочинуваат: педагогот, наставник по етика, одделенски наставник, претседател на ученички парламент, претседател на советот на родители.

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот.

Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар се ангажираат во одржување на добра атмосфера во училиштето и меѓусебните односи без оглед на способности, род, етничка припадност, вера и потекло. Во таа насока ќе се настојува преку непосредна училишна комуникација да се упатуваат и учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Особено во конкретни училишни ситуации вработените внимателно, но авторитетно да се справуваат со проблемите кои се однесуваат на дисциплината, редовноста или попречувањето на наставата. Целта е да се постигне взаемно меѓусебно прифаќање и почитување на сите структури. Училиштето има воспоставени Кодекси на однесување, чија практика ќе продолжи во насока на подобрување.

-

20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Целта на професионалниот развој на образовниот кадар во училиштето е насочена кон развивање култура за тимска работа и хоризонтално учење; унапредување на квалитетот на наставниот процес, но и очекуваните резултати во рамки на подрачјето настава и учење; подобрување на постигањата на учениците, како и унапредување на квалитетот на комуникацијата меѓу сите субјекти во училиштето.

За таа цел во училиштето е формиран тим во состав: директор, пом.директор, педагог, претседатели на стручни активи, наставник – претставник во училишен одбор. Тимот е одговорен за детектирање на потребите, планирање на приоритетите и реализација на програма за професионален развој во училиштето која ќе биде заснована на принципите на меѓусебно почитување и толеранција со што ќе се постигне задоволство од работата кај поединците и развивање мотивација за континуиран професионален развој на училиштето како институција која учи.

Очекуваните исходи се однесуваат на подобрување на постигањата на учениците од аспект на објективност во успехот и воспитниот аспект.

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Првично проценката и детектирањето на потребите за професионален развој на наставниците и одредување на приоритетите ќе се врши преку резултатите добиени од процесот на самоевалуација на работата на училиштето, спроведената екстерна (интегрална) евалуација и интерната евалуација заснована на посредно и непосредно следење на работата на наставникот.

Ќе се изврши утврдување на потребите на наставниците за стручно усовршување и ќе се одредат конкретни активности по области.

Детектирањето на потребите ќе се спроведе преку анкетирање и самоевалуација на работата на самиот наставник во рамки на стручните активи.

20.2. Активности за професионален развој

- Изработка на акциони планови за интерна и екстерна едукација.
- Екстерна едукација : Учество на семинари, советувања, конференции, вебинари...
- Интерна едукација: - обуки во рамки на стручни активи, отворени часови, дискусии, менторство.
- Дисеминација на обуки од проекти.
- Работилници за теми кои произлегуваат од потребите на наставниците за констатирани пропусти.
- Изработка на извештаи и аналитички листи од спроведена евалуација реализираните активности на планот на професинален развој

-

20.3. Личен професионален развој

Се планира од оваа учебна година секој наставник да изработи Личен план за професионален развој (ЛППР) како составен дел т.е основа на неговото професионално досие за време од една година.

ЛППР подразбира самоанализа и самоевалуација на сопствената работа, препознавање на оние сегменти од работата кои наставникот успешно ги реализира, како и оние аспекти во кои би сакал да се подобри и унапреди.

Секој наставник првично ќе изврши анализа на сопствените професионални потреби, како и анализа на потребите на училиштето и врз основа на планот за професионален развој на ниво на училиште во месец октомври да изработи ЛППР.

Планот ги содржи следните елементи:

- Цел
- Задачи
- Очекувани резултати
- Чекори и активности за реализација

Индикатори за реализација на планот и ориентационен рок.

20.4. Хоризонтално учење

Професионалниот развој во училиштето се планира да се одвива преку форми за хоризонтално учење со кое ќе се овозможи наставниците да учат едни од други. Тимот за професионален развој планира различни видови организирано и планирано пренесување на знаења или размена на професионални искуства во училиштето или надвор од него.

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

За реализација на хоризонталното учење значајна е тимската работа која придонесува успешно остварување на професионалниот развој во училиште засновaн на усогласеност и продуктивност. Овозможува создавање и развивање на нови идеи, како и значајно поголема ефикасност во однос на работата на поединецот.

Активностите за професионален развој во училиштето се планира да се одвиваат во рамки на работното време на наставникот, пред или после наставата. Исто така се планираат денови (5-7) кои исклучиво би биле посветени на професионалниот развој во училиштето кои ќе се усогласат со календарот за работа на училиштето и тоа во јануари, јуни и август.

Училиштето ќе изработи план за поддршка на воспитно-образовниот кадар за нивното кариерно напредување.

-

21. Соработка на основното училиште со родителите/ старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Училиштето постојано е отворено за соработка со родителите, како за информирање на родителите така и за нивна вклученост во организирањето и донесувањето на одлуки во работата и животот на училиштето преку Советот на родители на ниво научилиште, Советите на родителите на паралелките и Училишниот одбор.
Советот на родители ги поттикнува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите.
Целта на оваа соработка е: мотивирање на родителите за проширување и продлабочување на соработката, нејзино интензивирање, промена на ставовите на родителите кон училиштето и поттикнување за нивна активна вклученост во одржување и подобрување на условите за работа.
Родителите врз основа на детектирани состојби во училиштето планираат нивно активно учество во подобрување на материјално-техничките работи во училиштето, поправка на инвентарот и одржување на хигиената, според однапред подготвена програма со самофинансирање.

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

- ***Во процесот на учење***

Целта на соработката со родителите на овој план е подигање на нивото на нивните педагошките знаења и помош во подобрување на воспитната работа со учениците. За таа цел со родителите се соработува на сите нивоа преку различни форми:индивидуални, групни и општи родителски средби. Покрај Законски пропишаните се остваруваат секојдневно според потребите и актуелните состојби.
Родителите даваат поддршка на наставниците за олеснување на работата со учениците со образовни потешкотии и посебно ја подржуваат соработката за ученици кои покажуваат интерес за напредување,семејствата исто така помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства.
И во оваа учебна година се планираат активности за активна вклученост на родителите преку едукативни и креативни работилници, отворени денови во рамки на пректот ,,Заедничка грижа за правилно воспитување на учениците,,.

- ***Во активностите во училиштето***

Родителите даваат иницијативи за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и др.

-

Исто така училиштето во соработка со родителите и месната заедница има пропишани мерки за учество во воннаставните активности на сите ученици од социјално загрозените семејства, кои и во иднина ќе се спроведуваат во практика.

- ***Во донесување одлуки***

Родителите преку Советот на родители учествуваат во донесување на сите одлуки за работата на училиштето пропишани со Законот за основно образование, одлуки за организација на ученички екскурзии, ученички натпревари и други воннаставни активности.

Особено се значајни одлуките за финансиска поддршка на училиштето и доследноста на одлуката за организација на акција за финансирање на училиштето со цел средување на направените материјални штети од страна на учениците.

21.3. Едукација на родителите/старателите

- ***Едукација на семејството***

Се планира да се организираат едукативни работилници за теми :

- според програмата за грижа на училиштето за здравјето на учениците во соработка со Здравствен дом Вевчани и Струга.
- типизирани предавања од Црвен Крст за актуелни заразни болести.
- предавања и работилници од педагошко-психолошки карактер.
- работилници од служби во МВР за превентива од болести на зависност, насилство, трговија со луѓе и слично.

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето остварува соработка со:

- **Локалната Заедница**: локалната самоуправа, месната самоуправа на с.Подгорци и месната бизнис заедница
- **Институции од областа на образованието**: сите основни и средни училишта во општина Струга и Вевчани,Охрид, Општинските средни училишта, Приватниот колеџ ,,Јахја Кемал,,.
- **Институции од областа на културата**: културно-образовна установа ,,Браќа Миладиновци,,-Струга; Матична библиотека ,, Браќа Миладиновци,, - Струга , културна манифестација ,,Гоцеви денови,,-Подгорци, Американ центар во Струга
- **Невладини организации**: Центар за лица со попреченост ,,ПОРАКА,,; Еколошко друштво,,Тишкинец,, Еколошко-планинарско друштво ,,Гороцвет-Јабланица,,од Подгорци
- **Спортски друштва**: Пливачки клуб од Струга, Фудбалски клуб ,,Караорман,,

-

- **Здравствени организации**: Здравствен дом Вевчани, Здравствен Дом Струга, Црвен Крст Струга
- **Медиуми**:Локална телевизија ТВ Спектра: локален веб портал

- ***Изработка на брошура за родители***

Училиштето планира да изработи:

-Брошура за презентирање на работата на училиштето и на постигањата на учениците во текот на учебната година.

- Флаери и снимки за презентација на реализирани културно-образовни активности.
- Снимки, фотографии, ЦД албуми од реализирани еко активности.
- Снимкии албуми од изведени еднодневни екскурзии.
- Брошура за прием на првачиња на која се претставени активностите на најмалите ученици во нашето училиште, со цел да се поттикне желбата за учење кај идните првачиња.

-Проспект подготвен по повод Патрониот празник на училиштето-фотографии од активностите по тој повод.

- Трудови од воннаставни работни активнсти на учениците.

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

ПЛАН И ПРОГРАМА
за следење,унапредување и вреднување на ВОР во училиштето

ПРОГРАМСКИ ПОДРАЧЈА	Реализатор Соработник	Време на Рализац.
1. Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа		
- Годишна Програма за работа на училиштето - Планирање на наставата по наставни предмети: Годишни, тематски-развојни планови - Оперативни дневни планови - Планирање и програмирање на СУА, додатна и дополнителна настава - Планирање и програмирање на работата на одделенскиот раководител-одделенскиот час - Планирање на работата на стручните органи и тела - Планирање и програмирање на работата на стручниот работник и директорот:	Педагог Директор Наставници Наставници Педагог Одд.раковод. Директор Педагог	ВИИИ,ИЦ Во тек И Ц Секој Месец
2.Следење и унапредување на наставата		

-

- Следење на реализацијата на наставни програми од И-ИЦ одд. - Следење на наставниот процес: - Дидактичка артикулација на наставниот процес - Активности на учесниците во наставата (наставници, ученици) - Ефекти што се постигнуваат во наставата -Изготвување на информации,анализи,извештаи за одделни воспитно- образовни прашања-аналитичка работа	Педагог Наставници Педагог Директор	Во тек 11, 12 03, 04 Во тек на
3. Следење на оценувањето на кај учениците		
- Описно оценување од И-ИИИ одделение (инструменти за следење; педагошко досие на ученици) - Комбинирано оценување од ИВ-ВИ одделение - Критериуми и начини на оценување на успехот на учениците(принципи, стандарди, кодекс). - Спроведување на формативното и сумативно оценување по предмети од ВИИ-ИЦ одделение	Наставници Педагог Директор	Тромесечија Полугод.
4. Стручно усовршување на наставниот кадар		
- Одржување Наставнички и Одделенски Совети - Интерна едукација преку работа во тимови и стручни активи - Учество на училишните субјекти на семинари, советувања,проекти...од БРО, акредитирани здруженија и др.институции - Користење на стручна литература, стручен печат,интернет - Преку соработка со други училишта	Директор Наставници Советници Училишни субјекти	Според план на БРО Во тек на учебна година
4.1. Програма за професионален развој на наставниот и стручен кадар	Педагог Наставници	Во тек

24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

-

25. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Годишната Програмата за работа на ООУ,,Гоце Делчев,,-Подгорци во учебната 2024/25 година ја изработи училишниот педагог Весна Чаторошкоска во соработка со Пом.директорот Фадил Исламоски, секретарот Сахид Идризоски и ВД.Директорот, секој во својата законска област. Истата е од отворен карактер во програмскиот дел во рамки на воспитно-образовните подрачја.

26. Прилози

Потпис на В.Д. Директор

_____

Амир Османоски

Датум:

м.п. Потпис на претседател на Училишен одбор

_____

-